26433

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — F I B E P.
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674

Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
21. V. 1980 , 11970, 9.

»ЈУГОСЛАВИЈА ВО ЧЕСТ НА СВЕТИ КИРИЛ 1980«

# Изложбата »15 македонски современи ликовни уметници« во Рим

● МАНИФЕСТАЦИИТЕ ПОЧНУВААТ НА 24 МАЈ, ДЕНОТ НА СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, СО ОДДАВАЊЕТО ПОЧИТ НА ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ,

Изложбата што ја подготви Музејот на современата уметност од Скопје, а која неколку месеци беше прикажувана во југословенските ликовни центри под име „15 современи македонски ликовни уметници", ќе биде презентирана и пред ликовната публика во Рим, во Малата галерија на Изложбената палата. Всушност, тоа е и последната манифестација по хронолошки ред, секако, што ќе биде презентирана во рамките на традиционалната приредба „Југославија во чест на Свети Кирил, која по третпат се одржува во Италија.

Да потсетиме: традицијата на одржување манифестации кои го презентираат културното достигнување е втемелена уште во 1970 година, кога за првпат беа одржани „Деновите на македонската култура во Рим". Мотивот за оваа манифестација беше најден во оддавањето почит и благодарност на делото на Свети Кирил, кој јазикот на македонските Словени го внесе во книжевната традиција, И кој, по мисијата на воведување словенска богослужба кај моравските Словени, оклеветуван од германското свештенство за ерес, што се осмелил да проповеда на јазик на кој не е пишувано на крстот на Христос („Јас сум јудејски цар" е испишано само на еврејски, латински и грчки), дошол кај римскиот папа да го оправда својот чин, и да умре.

Во Рим, во црквата „Сан Клементе", се наоѓа гробот на Свети Кирил, и тука, и годинава ќе почне манифестацијата „Југославија во чест на „Свети Кирил" со положувањето венец од страна на културната делегација, што ја предводи Стјепан Хумо, директор на Заводот за заштита на културните споменици на СР Хрватска од Загреб, а во чиј состав се и Цветан Станоевски, помошник претседател на Републичката комисија за културни врски со странство на СР Македонија, и Душко Белиќ, секретар на СИЗ за култура на САП Војводина. Во истиот термин, 24 мај претпладне, делегацијата на Македонската православна црква предводена од Дебарско — кичевскиот митрополит Ангеларий ќе одржи литургија и пофално слово за делото на Свети Кирил.

Манифестацијата „Југославија во чест на Свети Кирил 1980" годинава се реализира во рамките на културната соработка меѓу Југославија и Италија. Годинава, како и досега, ќе бидат афирмирани културни достигања врзани за поводот. „Програмата е квалитетна и дава претстава за сегашниот момент на југословенската култура", изјави вчера на конференцијата за печат помошникот претседател на Републичката комисија за културни врски со странство, Цветан Станоевски.

Програмата е правена во општите настојувања за штедење и во настојувањата да се дооформи, да се физиономира. Во програмата, имено, според меѓурепубличкиот договор, годинава учесниците се избрани од четири републики — СР Словенија, СР Хрватска, СР Србија и СР Македонија, која е и организатор и координатор на приредбите. Така, во рамките на „Југославија во чест на Свети Кирил 1980" ќе бидат прикажани два филма („Посебен третман" од Горан Паскаљевиќ, кој ќе дојде по прикажувањето на Филмскиот фестивал во Кан, па во Рим, всушност, ќе ја има својата светска премиера, и „Барања" од Матијаж Клопчич). Филмовите ќе бидат прикажани во киното „Планетарио", на 24-ти, односно 27 мај. На 26-ти мај е концертот на Јован Колунџија, со пијано придружба на Нада Колунџија, кој исто во Рим ќе допатува по концертот што ќе го одржи во Париз, во УНЕСКО. На програмата е и предавање на тема „Глаголицата и нејзиното влијание на културата на јужнословенските народи", што ќе го одржи д-р Бранко Фучиќ во Историскиот институт на средниот век, и претпроекции на цртани филмови од продукцијата на „Вардар — филм" („Рака") од Дарко Марковиќ, „Феникс" од Петар Глигоровски и „Парабола" од Мирослав Грчев).

(О. Сп.)